# Влада на Република Северна Македонија
# Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП),

# ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)

## Април 2020 г.

**Република Северна Македонија**
**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**
**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**

1. *Се очекува Република Северна Македонија, преку Министерството за транспорт и врски (МТВ) како главна агенција за имплементација, да спроведе Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП), вклучувајќи ја и компонентата на постапување при непредвидени вонредни состојби (КПНВС). Меѓународната банка за обнова и развој („Банката“) се согласи да обезбеди финансиска поддршка за реализација на проектот ППЛП.*

2. *Проектот ППЛП ќе ги опфати и ќе ги поддржи следниве видови активности: надградба на земјени патишта/улици; реконструкција на постојните локални патишта/улици; санација на постојните локални патишта/улици; воведување мерки за безбедност на патиштата како што се пешачки патеки долж едната или двете страни на улиците/локалните патишта, електрификација, канализација. Главната цел на овој проект е да се поддржи имплементацијата на Националната транспортна стратегија преку надградба на постојните локални земјени патишта/улици и реконструкција/санација на постојните патишта/улици, подобрувајќи ја нивната безбедност за движење и намалувајќи го бројот на несреќи. Проектот ќе ги подобри конкурентноста и социо-економскиот развој на осмуте плански региони во земјата и ќе го зголеми капацитетот за поврзување со соседните земји и со главните населени места во РСМ. МТВ предлага распределба на средства од заемот обезбеден од Светска банка (70 милиони евра) за реализација на Проектот за поврзување на локалните патишта (ППЛП).*

3. *МТВ ќе спроведе мерки и активности со цел проектот да се реализира во согласност Еколошко-социјалните стандарди* ***(ЕСС)*** *на Светска банка.*

4. *Кога ПЕСП упатува на конкретни планови или други документи, без оглед дали тие се веќе подготвени или треба да се изработат, ПЕСП налага почитување на сите одредби од тие планови или други документи. Поконкретно, ПЕСП налага почитување на одредбите утврдени во Рамката за управување со еколошки и социјални прашања (РУЕСП), Рамковната политика за преселување (РПП) и Планот за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) изработен за Проектот, како и на Процедурите за управување со работната сила (ПУРС), конкретните документи за проценка на влијанието врз животната средина и социјалното влијание (Планови управување со еколошки и социјални прашања (ПУЕСП) и контролни листи за ПУЕСП)), коишто ќе бидат изработени за Проектот.*

5. *Табелата подолу ги сумира потребните мерки и активности, како и времето за битните мерки и активности. Република Северна Македонија е одговорна за почитување на сите барања од ПЕСП, дури и кога конкретни мерки и активности спроведуваат Министерството, агенцијата или единицата споменати во став 1 погоре, вклучително и Одделението за спроведување на проектот (ОСП).*

6. *За да одговори на вонредната состојба предизвикана од КОВИД-19, Заемопримачот достави барање до Банката за активирање на Механизмот за непосреден одговор (МНО) заради повлекување 50 милиони евра од тековниот проект финансиран од Светска банка според*

*Компонентата на постапување при непредвидени вонредни состојби (КПНВС)[1], со цел финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, заради исплата на плати за месеците април, мај и јуни 2020 г., што ќе биде реализирана од Владата на РСМ. КПНВС ќе го финансира субвенционирањето на платите со помош на грантови што ќе им се доделат на сите подобни компании кои биле присилени да го затворат своето физичко продажно место, т.е. кои имале намалени приходи, но немале наредба за затворање. Табелата подолу е проширена од оригиналната за да ги опфати сегашните вонредни активности според КПНВС. Генералниот секретаријат на Владата ќе спроведе конкретни активности во одговор на вонредната состојба со „Ковид-19“ преку Одделението за вонредни состојби составено од вработени во Генералниот секретаријат и преку поддршка од стручни лица делегирани од Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта и Министерството за финансии.*

7. *Спроведувањето на мерките и активностите утврдени во овој ПЕСП ќе го следи МТВ и ќе ја известува Светска банка за тоа во согласност со ПЕСП и со условите од законскиот договор, а Банката ќе ги следи и проценува напредокот и реализацијата на мерките и активностите во текот на спроведувањето на целиот Проект.*

8. *Според договорот меѓу Банката и Владата на Северна Македонија, во текот на спроведувањето на Проектот, овој ПЕСП може повремено да се ревидира со цел да го одрази адаптираното управување според изменетиот Проект и непредвидените околности, т.е. како одговор на проценката на успешноста на Проектот спроведена според самиот ПЕСП. Во такви околности, МТВ ќе се согласи на измени со општините-учеснички и со Светска банка, па ќе го ажурира ПЕСП за да ги одрази тие измени. Договорот за измени на ПЕСП ќе се документира преку размена на писма потпишани меѓу СБ и МТВ. МТВ веднаш ќе го обелодени ажурираниот ПЕСП.*

[1] КПНВС претставува механизам на Светска банка за финансирање при вонредни состојби, достапен на заемопримачите за брз пристап до средства од Банката при одговор на криза.

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| *Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот* | | *Временска рамка* | *Одговорен орган и планирани средства/финансирање* |
|---|---|---|---|
| **Следење и известување за ПЕСП** | | | |
| | **РЕДОВНО ИЗВЕСТУВАЊЕ**: Подготовка и поднесување редовни извештаи за следење на еколошката, социјалната и здравствено-безбедносната реализација на Проектот, каде спаѓа и имплементацијата на ПЕСП, а и секој изработен и реализиран документ за еколошко-социјална детална анализа (План за управување со еколошки и социјални прашања (ПУЕСП) или контролна листа за ПУЕСП; зависно од типот на проектот) за Проектот, во форма и содржина прифатливи за СБ. | *На секои шест месеци во текот на спроведувањето на Проектот, а во врска со извештаите за неговиот напредок, или почесто, во зависност од наодите во извештаите за напредокот* | *Одделение за спроведување на проектот (ОСП) при МТВ*<br><br>*Финансирање од буџетот на Проектот* |
| | **ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИНЦИДЕНТИ И НЕСРЕЌИ**: Во рок од 24 часа од настанувањето, се известува за било каков инцидент или несреќа поврзана со проектот или со влијание врз него, т.е. која има или може да има значителен негативен ефект врз животната средина, засегнатите заедници, јавноста или вклучените работници, на пр., несреќи на работа што водат до сериозни повреди, повреди на малолетни лица, падови, несреќи со возила, поголеми излевања на хемикалии, масла, горива и др.<br>МТВ ќе достави извештај во форма и содржина задоволителни за Банката, најдоцна 15 | *Секој инцидент или несреќа веднаш се регистрира и се пријавува до лидерот на Работниот тим на Банката во рок од 24 часа* | *Проектен менаџер на ОСП*<br><br>*Финансирање од буџетот на Проектот* |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| | ***Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот*** | ***Временска рамка*** | ***Одговорен орган и планирани средства/финансирање*** |
|---|---|---|---|
| | календарски дена по појавата на инцидентот. Извештајот ќе содржи доволно детали за инцидентот или несреќата, наведувајќи ги директните мерки преземени за негово решавање и ќе ги содржи сите информации дадени од кој било Изведувач/Подизведувач или инженер за надзор. Барањата за пријавување инциденти и несреќи ќе бидат вклучени во прирачниците и процедурите за спроведување на проектот. | | |
| **РЕЗИМИРАНА ПРОЦЕНКА** | | | |
| **ЕСС 1: ПРОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕКОЛОШКО-СОЦИЈАЛНИТЕ РИЗИЦИ И ВЛИЈАНИЈА** | | | |
| 1.1 | **ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА**: Се воспоставува организациска структура (ОСП) со квалификуван персонал за поддршка на управувањето со животната средина и социјалните ризици на Проектот. Еден специјалист за животна средина и социјални прашања се ангажира како постојан вработен во ОСП. | *Специјалист за животна средина и социјални прашања се ангажира пред почетокот на подготвителните работи. Во меѓувреме, МТВ треба да има договор со консултантот за животна средина и социјални прашања* | *МТВ*<br><br>*Финансирање од буџетот на МТВ* |
| 1.1.1 | **Организациска структура за компонентата КПНВС**: Се воспоставува организациска структура (ОСП) и се назначува квалификуван персонал за поддршка на управувањето со еколошко-социјалните ризици на Проектот. | *Еден специјалист за животна средина и еден специјалист за социјални прашања ќе бидат назначени пред да се исплатат субвенциите за плати на проектот* | *Генерален секретаријат на Владата на Северна Македонија / Министерство за финансии / Јавно претпријатие за државни патишта* |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| ***Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот*** | | ***Временска рамка*** | ***Одговорен орган и планирани средства/финансирање*** | |
|---|---|---|---|---|
| | Треба да се назначи и да се ангажира едно лице за животна средина и едно лице за социјални прашања. | | | |
| 1.2 | **ПОСЕБНИ ПЛАНОВИ ЗА ЕКОЛОШКО-СОЦИЈАЛНА ПРОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ:**<br>Се изработува, се ажурира, се усвојува и се спроведува Рамка за управување со еколошки и социјални прашања (РУЕСП). РУЕСП служи како водич за изработка на документите за детална еколошко-социјална анализа сразмерно со ризикот и влијанието на потпроектите, поточно, за изработка на ПУЕСП и на контролните листи за ПУЕСП.<br>Рамковната политика за преселување (РПП) ќе го насочува потенцијалниот откуп на земјиштето на конкретната локација.<br>Ако е потребно, ќе се изработи Акционен план за преселување (АПП).<br>Ќе биде подготвен План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) како алатка за идентификација, ангажирање и повратни информации од разни засегнати страни на проектно и потпроектно ниво, како и за утврдување и управување со еколошко-социјалните ризици и влијанија од проектот ППЛП, предлагајќи соодветни мерки за нивно | *РУЕСП е изработена, продискутирана и обелоденета пред проценката на Проектот. РУЕСП треба да се спроведува во текот на целиот Проект.* | *ОСП*<br><br>*Финансирање од буџетот на Проектот* | |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот | | Временска рамка | Одговорен орган и планирани средства/финансирање |
|---|---|---|---|
| | ублажување, коишто ќе се спроведат при реализацијата на проектот. | | |
| 1.2.1 | **ЗА КПНВС - РУЕСП**: РУЕСП ја насочува подготовката на документи за детална еколошко-социјална анализа сразмерно со ризикот и влијанието од потпроектите, контролните еколошко-социјални листи.<br>ПВЗС ќе се изготви како алатка за идентификација, вклучување и повратни информации од разни засегнати страни на проектно и потпроектно ниво, како и за идентификување и управување со еколошко-социјалните ризици. | *РУЕСП е подготвена и обелоденета пред активирање на КПНВС; треба да се спроведува во текот на целиот проект.* | *PECU во Генералниот секретаријат* |
| 1.3 | **АЛАТКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ:** Изработка на ПУЕСП и контролни листи за ПУЕСП конкретно за локациите, како и примена на следниве документи:<br>• Рамка за управување со еколошки и социјални прашања (РУЕСП)<br>• Рамковна политика за преселување (РПП)<br>• План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) | *ПУЕСП и контролните листи за ПУЕСП треба да се подготват и обелоденат пред почетокот на тендерскиот процес за конкретен потпроект. ПУЕСП и контролните листи за ПУЕСП треба да бидат составен дел од тендерската документација за конкретната локација. Рамковните документи се изработуваат при подготовката, додека пред евалуацијата, се консултираат понапредни нацрт-предлози.* | *Локалните самоуправи треба да подготват ПУЕСП и контролни листи за ПУЕСП со поддршка од ОСП за ЕСС*<br><br>*Изведувачот и надзорот треба да ги применуваат ПУЕСП и контролните листи за ПУЕСП*<br><br>*ОСП и соодветните општини треба да ги имплементираат рамковните документи и ПВЗС* |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| | ***Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот*** | ***Временска рамка*** | ***Одговорен орган и планирани средства/финансирање*** |
|---|---|---|---|
| | | | *Средства од Проектот, МТВ и од општините* |
| 1.3.1 | **ЗА КПНВС. АЛАТКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ**<br>Изработка на контролна листа заради утврдување критериуми за подобни фирми што ќе се финансираат од средствата на СБ | *Пред активирање на КПНВС* | *PECU при Генералниот секретаријат* |
| 1.3.2 | **Екс-пост проценка на исполнетоста на критериумите за подобност** | *Три месеци по завршување на проектот* | *PECU, Независна ревозорска куќа* |
| 1.4 | **УПРАВУВАЊЕ СО ИЗВЕДУВАЧИТЕ**:<br>МТВ ќе изработи и ќе спроведе процедури за управување со изведувачи и подизведувачи. Во договорите со изведувачите и подизведувачите треба да се вметне обврска за изработен План за здравје и безбедност и ж. средина (ПЗБЖС)/Процедури за управување со работната сила (ПУРС).<br>Во сите тендерски документи, ќе бидат вклучени еколошко-социјални обврски заедно со договорите за изведба. | *Пред изработка на тендерската документација за јавни набавки*<br><br>*Пред потпишување на договорите*<br><br>*Алатките и инструментите за управување треба да се применуваат при спроведување на целиот Проект* | *ОСП* |
| 1.5 | **ДОЗВОЛИ, СОГЛАСНОСТИ И ОДОБРЕНИЈА**:<br>Треба да се добијат или, ако е посоодветно, да се помогне при добивање дозволи, согласности и одобренија потребни за Проектот од надлежните државни органи, во согласност со важечките национални закони.<br>▪ Одлука за одобрување на Елаборат за | *Пред секое започнување со работи или активности за кои се потребни дозволи, согласности и/или одобренија*<br><br>*При спроведување на целиот Проект* | *Општина/Изведувач* |

| **Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**<br><br>**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**<br>**Октомври 2019 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот*** | | ***Временска рамка*** | ***Одговорен орган и планирани средства/финансирање*** | |
| | ОВЖС од страна на соодветната општина;<br>▪ Одобрение за реконструкција/санација на локалниот пат/улица од надлежниот орган;<br>▪ Одобрение за отстранување на неопасен отпад на одредена локација на територијата на општината. | | | |
| 1.4 | **ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО СБ**: МТВ ќе доставува полугодишни извештаи за еколошко-социјална успешност до Светската банка во врска со спроведувањето на РУЕСП/РПП и последователно за ПУЕСП и контролните листи за ПУЕСП, и што е многу важно, за тоа како се спроведуваат предложените еколошко-социјални мерки. | *Полугодишно,*<br>*при спроведување на целиот Проект* | *ОСП (проектен менаџер, ЕСС)* | |
| 1.5. | **ПРИРАЧНИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ:** МТВ ќе подготви упатства за најдобри еколошки практики на активностите за одржување на патишта. | *Во текот на спроведувањето* | *МТВ,*<br><br>*Финансирање од средствата на Проектот* | |
| **ЕСС 2: РАБОТНА СИЛА И РАБОТНИ УСЛОВИ** | | | | |
| 2.1 | **ПРОЦЕДУРИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТНАТА СИЛА**: Изработка, следење и примена на процедури за управување со работната сила при спроведување на целиот Проект, кои се во согласност со националното законодавство и со ЕСС2 и нивна достапност за вработените во | *Пред изведување на работите*<br><br>*Процедурите за управување со работната сила треба да се применуваат во текот на целиот Проект* | <br>*ОСП*<br><br>*Финансирање од буџетот на Проектот* | |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| | ***Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот*** | ***Временска рамка*** | ***Одговорен орган и планирани средства/финансирање*** |
|---|---|---|---|
| | Проектот и за сите ангажирани подизведувачи. Процедурите за управување со работната сила (ПУРС) ќе ги опфатат сите прашања утврдени во ЕСС2, вклучително и важечките барања за недискриминација и еднакви можности. | | |
| 2.2 | **МЕРКИ ЗА ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА:** Изработка и примена на мерки за здравје и безбедност при работа, заедно со мерки за подготвеност и одговор при итни случаи, обука на работниците во проектот за подигање на свеста за можните ризици и повреди (опрема за лична заштита, прва помош, противпожарна опрема и сл.), и за ублажување на влијанијата врз локалните заедници. | *Договорна обврска;*<br>*Се применуваат при спроведување на целиот Проект;*<br>*Мерките за заштита при работа треба да бидат финализирани пред почетокот на работите на било која локација;*<br>*ПУРС треба да се применуваат при спроведување на целиот Проект.* | *Проектен менаџер (ОСП)*<br>*Финансирање од средствата на Проектот* |
| 2.3 | **МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ ЗА РАБОТНИЦИТЕ НА ПРОЕКТОТ**: Развивање и одржување на механизам за поплаки за сите прашања поврзани со работната сила и вработувањето на Проектот, којшто е лесно достапен и навремено обелоденет за работниците на Проектот, во согласност со ЕСС2 и со законите за работни односи во Северна Македонија. Механизмот за поплаки може да го користи и локалната заедница за изнесување проблеми од спроведувањето на Проектот во своја близина. | *Механизмот е во функција еден месец по отпочнувањето на проектот, а информацииите за него се дистрибуираат до работниците на Проектот и треба да се одржува во целиот период на спроведување на Проектот.*<br><br>*Механизмот е достапен за целото времетраење на договорот.* | *Проектен менаџер (ОСП)*<br><br>*Финансирање од средствата на Проектот и од буџетот на изведувачот* |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| | Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот | Временска рамка | Одговорен орган и планирани средства/финансирање |
|---|---|---|---|
| **ЕСС 3: ЕФИКАСНОСТ НА РУЕСПРСИТЕ, СПРЕЧУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО** | | | |
| 3.1 | **УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ОПАСНИ МАТЕРИИ:** Изведувачот ќе ги развие и ќе ги спроведува мерките и активностите дефинирани во Планот за управување со отпад на Изведувачот, при што треба да се опишат сите извори на отпад, привременото складирање на сите претходно одвоени отпадни текови и нивното конечно отстранување. Сите отпадни текови произведени на самото место треба да бидат опфатени во Планот (инертен отпад, неопасен и, евентуално, опасен отпад).<br>Исто така, Изведувачот треба да ги спроведе сите мерки пропишани во ПУЕСП или во контролните листи за ПУЕСП во поглед на управување со отпад и опасни материи. | *Договорна обврска;*<br>*Се прави при спроведување на целиот Проект;*<br>*Пред почетокот на работите на било која локација* | ОСП ќе ги обврзе изведувачите да изработат и да спроведуваат Планови за управување со отпад на Изведувачот, како и да ги спроведуваат ПУЕСП на Работодавачот.<br><br>Изведувачите ќе развијат Планови за управување со отпад задоволителни за Работодавачот и ќе ги спроведуваат заедно со сите барања утврдени во ПУЕСП на Работодавачот, при реализацијата на целиот договор. |
| **ЕСС 4: ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА** | | | |
| 4.1 | **ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА:** Изведувачот ќе ги изработи и ќе ги спроведува мерките и активностите од Планот за заедницата, заради управување со ризиците поврзани со здравјето и безбедноста на заедницата, вклучувајќи ризици од сообраќај и безбедност на патиштата, како и ризици поврзани со персоналот за обезбедување. | *Договорна обврска;*<br>*Се прави при спроведување на целиот Проект;*<br>*Пред почетокот на работите на било која локација;*<br>*При спроведување на целиот Проект* | ОСП ќе ги обврзе изведувачите да изработат и да спроведат мерки за конкретната локација, заради обезбедување здравје и безбедност на заедницата.<br><br>Изведувачите ќе развијат мерки за здравје и безбедност на заедницата, задоволителни за Работодавачот, и ќе ги имплементираат при реализацијата на целиот договор. |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| | ***Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот*** | ***Временска рамка*** | ***Одговорен орган и планирани средства/финансирање*** | |
|---|---|---|---|---|
| | **ПЛАН ЗА КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ:** Како дел од својата понуда, успешниот Изведувач треба да достави прелиминарен План за контрола на сообраќајот (ПКС), што на крајот ќе биде дел од ПУЕСП. Пред започнување со работите, ажуриран ПКС ќе се достави до ЕСС. | *Во текот на втората година на спроведување* | | |
| 4.2 | **КОНСУЛТИРАЊЕ И ЗАПОЗНАЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА:** Спроведување обука за заедницата наменета за запознавање со ризиците и за ублажување на влијанијата утврдени во овој дел, доколку се спроведат градежни работи. Ова ќе се спроведе како дел од Планот за вклучување на заинтересираните страни. | *За време на градежните работи*<br><br>*Во текот на спроведувањето на целиот Проект* | ОСП ќе ги обврзе изведувачите да ја запознаат заедницата со планираните работи.<br><br>Изведувачите ќе спроведат кампања за подигање на свеста во заедницата. | |
| **ЕСС 5: Аквизиција на земјиште, ограничување за користењето на земјиштето и несвоеволно преселување** | | | | |
| 5.1 | **ПЛАНОВИ ЗА ПРЕСЕЛУВАЊЕ:** Подготвување, усвојување и спроведување на акциони планови за преселување (АПП) во согласност со ЕСС 5 и во согласност со барањата од Рамковната политика за преселување (РПП) подготвена за Проектот, а потоа усвојување и спроведување на соодветните АПП пред да се спроведат активности, на начин прифатлив за Банката | *Веќе подготвена РПП;*<br>*АПП треба да се подготват веднаш штом ќе бидат готови дизајните за потпроектите. Да се спроведат и да се завршат пред започнување со работите на потпроектите;*<br>*во текот на спроведувањето на целиот Проект* | ОСП, општини | |
| **ЕСС 6: ЗАЧУВУВАЊЕ НА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ И ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВИТЕ ПРИРОДНИ РУЕСПРСИ** | | | | |
| 6.1 | **ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КРИТИЧНИТЕ И ПРИРОДНИТЕ ЖИВЕАЛИШТА (ХАБИТАТИ):** Доколку | *При избор на потпроекти и при изготвување на План за управување* | *ОСП за ЕСС* | |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| ***Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот*** | | ***Временска рамка*** | ***Одговорен орган и планирани средства/финансирање*** |
|---|---|---|---|
| | потпроектите се одвиваат во заштитено подрачје, ќе се побара мислење/совет од МЖСПП за тоа дали потпроектот ќе влијае врз критичните живеалишта. Покрај тоа, сите релевантни ПУЕСП ќе вклучат дискусија за ризиците и влијанијата врз природните и критичните живеалишта. | *со еколошки и социјални прашања (ПУЕСП)* | *Финансирање од општински и проектни средства* |
| 6.2 | **РИЗИЦИ И ВЛИЈАНИЈА ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ**: Од изведувачите ќе се бара да ги следат препораките за максимална конзервација на биолошката разновидност во непосредна близина на локацијата на Проектот и да избегнуваат зафаќање на поголеми подрачја за изведување градежни активности, како што се бара според ПУЕСП или според контролната листа за ПУЕСП (зависно од видот на проектните активности). За изведувачите ќе се организира обука. | *Пред секое започнување со работите и во текот на целата изградба*<br><br>*Во текот на спроведувањето на целиот Проект* | ОСП ќе ги обврзе изведувачите да спроведат мерки за ублажување на влијанијата врз биодиверзитетот преку придржување кон ПУЕСП на Работодавачот.<br><br>Изведувачите ќе ги почитуваат барањата од ПУЕСП на Работодавачот. |
| **ЕСС 8: КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО** | | | |
| 8.1 | **СЛУЧАЈНИ ОТКРИТИЈА**: Процедурите за случајни откритија ќе бидат дел од сите договори за било какви работи во рамките на Проектот. | *Пред секое започнување со работите и во текот на целата изградба*<br><br>*Во текот на спроведувањето на целиот Проект* | ОСП ќе вклучи и ќе спроведе процедури за случајни откритија во договорите за градба.<br><br>Изведувачите се должни да ги почитуваат процедурите за случајни откритија. |
| **ЕСС 10: ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ И ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ** | | | |
| 10.1 | **ИЗРАБОТКА НА ПВЗС**: Изработка и | *Завршен најдоцна до проценката на* | *Тимот за подготовка на проектот и ОСП* |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| | Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот | Временска рамка | Одговорен орган и планирани средства/финансирање |
|---|---|---|---|
| | обелоденување на План за вклучување на засегнатите страни (*ПВЗС*). | *Проектот* | *Финансирање од буџетот на Проектот* |
| 10.1.1 | Изработка и обелоденување на План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) | *Завршен пред активирањето на КПНВС* | *PECU при Генералниот секретаријат* |
| 10.2 | **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПВЗС**: Спроведување на ПВЗС. ПВЗС може да се измени и да се ажурира (и повторно да се обелодени) според потребите на спроведувањето на Проектот. | *При подготовката на Проектот, на почетокот и во текот на целиот Проект* | *ОСП*<br><br>*Финансирање од буџетот на Проектот* |
| 10.3 | **МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ НА ПРОЕКТОТ**: Развивање и спроведување механизам за поплаки за времетраењето на целиот Проект. ПВЗС опфаќа обврска засегнатите страни да се информираат за воспоставувањето на механизам за поплаки со цел тие да знаат за неговото постоење и да бидат запознаени со процесот за поднесување поплаки до ваквиот механизам. | Воспоставен пред отпочнувањето на Проектот<br><br>Се одржува во текот на спроведувањето на целиот проект<br><br>Се води база на податоци за поплаките<br><br>Еднаш годишно, накратко се известува за поплаките | *ОСП (проектен менаџер)*<br>*ГС, УЈП*<br><br>*Финансирање од буџетот на Проектот* |
| 10.3.1 | Развивање и спроведување механизам за поплаки во текот на целиот проект | Воспоставен пред спроведување на програмата | PECU, ГС, УЈП |
| **СТАНДАРД ЗА КАПАЦИТЕТ (СК): Градење капацитети и обука** | | | |
| СК1 | МТВ треба да ангажира специјалист за животна средина и социјални прашања, т.е. еколошко- | Специјалистот за животна средина и социјални прашања треба да се | *МТВ* |

**Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП)**

**ПЛАН ЗА ЕКОЛОШКА И СОЦИЈАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ (ПЕСП)**
**Октомври 2019 година**

| ***Краток преглед на мерки и активности за ублажување на потенцијалните еколошко-социјални ризици и влијанија на проектот*** | | ***Временска рамка*** | ***Одговорен орган и планирани средства/финансирање*** | |
|---|---|---|---|---|
| | социјален специјалист (ЕСС) во ОСП. | ангажира пред почетокот на првичните работи. Во меѓувреме, МТВ треба да користи услуги од надворешен консултант за животна средина и социјални прашања. | *Финансирање од буџетот на МТВ* | |
| СК2 | Обука на надлежниот општински и персонал во министерството за:<br>- ПВЗС<br>- Подготовка и имплементација на АПП<br>- Подготовка и надзор на ПУЕСП и контролните листи за ПУЕСП;<br>- Надзор над ПУРС<br>- И други релевантни теми | При спроведување на целиот Проект, најмалку еднаш годишно<br><br>Обуките за општините треба да се организираат при подготвување на документите за детална еколошко-социјална анализа, како на пр., ПУЕСП, контролните листи и АПП. | *ОСП за ЕСС*<br><br>*Финансирање од буџетот на Проектот* | |
| СК3 | Обука за изведувачите околу имплементација на документите за должна еколошко-социјална анализа | При спроведување на целиот Проект, пред почетокот на работите | *ОСП за ЕСС*<br><br>*Финансирање од буџетот на Проектот* | |